| Старателство на возрасно лице за посебен случај | 1 | 3 | 1 | 5 |
| Лице кое злоупотребува дрога и други психотропни супстанци и прекурзори | / | / | / | 1 |
| Лице кое злоупотребува алкохол или се лекува од зависност од алкохол | / | / | / | 1 |
| Возрасно лице со изречена алтернативна мерка | / | / | / | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Возрасно лице по отпуштање од казнена установа | / | / | / | / |
| Лице жртва на трговија со луѓе | / | / | / | / |
| Бездомно лице | / | / | / | / |
| Старо лице | 3 | 3 | 10 | 10 |
| Носител на згрижувачко семејство | 1 | 1 | / | 5 |
| Носител на роднинско згрижување | 2 | 1 | / | 5 |
| Советувалиште за брак и семејство | / | / | / | / |
| Вкупно | **297** | **370** | **321** | **428** |

Најзастапени предмети во работа се полнолетно лице со попреченост од причина што оваа бројка се пренесува од година во година, кај другите категории нема ниту драстично зголемување ниту пак намалување во однос на претходните две години. Во однос на планирани постапки за работа во 2026 година се планира бројот на постапките да има благ пораст.

**Бракоразводи –постапка за мирење**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | 5 | 10 |
| | Новопримени | 20 | 30 |
| | Доставено мислење до суд | 20 | 20 |
| | Позитивна мировна постапка | / | 5 |
| | Предмети во работа | 4 | 10 |

Во законски рок за постапување во рок од три месеци спроведена е мировна постапка. По превземените дејствија Центарот доставил наод и мислење на стручен тим и извештај за исходот од постапката за мирење и предлог мислење за доверување на децата од разводот на бракот Центарот работеше на проценка согласно Процедурите за работа од ЈУ Завод за социјални дејности и примена на методи и техники.

Во изготвувањето на стручната документација се применувани Стандардите и процедурите на ЗСД и методите и техниките на проценка. Во однос на давање на процена за бројот на предмети кои се јавуваат во бракоразводна постапка се гледа дека таа скоро се поклопува со минатата година со што нема значителен пораст. Сепак значаен момент е дека сега многу почесто разводите се случуваат во семејства кои за прв пат се среќаваат со Центарот. Ова значи дека сега партнерите не бараат претходно ниту помош ниту поддршка од ЦСР.

**Лица со нарушени партнерски и брачни односи**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | 2 | / |
| | Новопримени | 5 | 5 |
| | Упатени во Советувалиште | / | / |
| | Завршени | | 2 |
| | Предмети во работа | | 3 |

Минатата 2025 година имавме 5 случаи и сите се завршени.

### Дете на кое му се уредуваат односите со родителот со кој не живее

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Регулирано видување со спогодба со родител | Пренесени | 4 | 5 |
| | Новопримени | 1 | 5 |
| | Завршени(пасива ) | 3 | 5 |
| | Предмети во работа | 2 | 5 |

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Регулирано видување со спогодба со блиски сродници | Пренесени | 2 | 5 |
| | Новопримени | / | 5 |
| | Завршени(пасива) | 2 | 5 |
| | Предмети во работа | / | 5 |

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Регулирано видување со решение со родител | Пренесени | 28 | 30 |
| | Новопримени | 1 | 10 |
| | Завршени(пасива) | 3 | 20 |
| | Предмети во работа | 12 | 15 |

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Регулирано видување со решение со блиски сродници | Пренесени | 1 | 5 |
| | Новопримени | 1 | 5 |
| | Завршени(пасива) | 1 | 5 |
| | Предмети во работа | / | 5 |

Една од категориите каде најмногу се јавува поле за работа е оваа категорија на корисници во подрачјето на регулирање на контактите на родителите со децата во услови кога е прекината брачната заедница. И понатаму се забележува користење на детето од страна на родителите за реваншизам и казна еден спрема друг се среќава во скоро сите постапки иако секој од стручните работници кои работат на оваа област прво се трудат на родителите да им објаснат дека со прекинување на нивниот брачно партнерки однос не прекинува и односот родител - дете. согласно Закон. Иако прво им се дава можност тие да постигнат родителски договор скоро во сите случаи се донесува решение затоа што веќе и наведовме дека во овие постапки имаме потешкотии околку градење на соодветен нормален неконфликтен родителки однос.

## Вонбрачно доверување на дете

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | 7 | 10 |
| | Новопримени | 3 | 10 |
| | Предмети во работа | 2 | 5 |

## Малолетно лице кое сака да стапи во брак пред полнолетство

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Доставено мислење до суд | / | / |
| | Упатени на советувалиште | / | / |

## Жртва на семејно насилство

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | 1 | 2 |
| | Новопримени | 12 | 15 |
| | Завршени(пасивни) | 7 | 10 |
| | Упатени во центар за жртви | 1 | 1 |
| | Упатени во советувалиште | / | / |

Лицата жртви на семејно насилство се од различна возраст . Малолетни лица се јавуваат како индиректни жртви на семејно насилство поточно како свидетели на насилството. Во овој случај е дадено предупредување на родителите во вршењето на родителското право. По националност и оваа година пренавагнуваа лицата од македонска националност и градска средина.

Најголем дел од причините се нарушено брачно партнерски односи кои ескалираат со текот на времето, сето тоа што во минатато се надминувало се таложело и ескалира во подоцните години од бракот, тука секако е алкохолот како причина која појава во нашето поднебје е некако прифатена и генерациски се пренесува, а се позабележливи се случаи и на сторител со нарушено психичко здравје. Во последно време се позначајна е би рекле изговор на здравствениот систем наместо сами да ги упатуваат и третираат психички болните пациенти и оние кои имаа потреба од злопотреба на алкохол матичните лекари ја префрлаат топката на нас како установа. за жал многу постапки сме доведени да се работат кои се состојби ки може да си ги третира здравствениот систем.

За работа на оваа поле има многу пред се превенција на оваа појава и рана детекција во образование, досега ниту една единствена пријава немало од образовните установи ниту пак се интересираат на кој начин можат да помогнат. И Општината треба да се активно вклучи на оваа поле и обезбедување на просторни и финансиски средства за заштита на жртвите во услови на непосредна опасност или до изрекување на мерките затоа што несоодветната интервенција во криза ја прави жртвата допонително загрозена.

Проекциите кои се дадени можеби би се разрешле во иднина затоа што оваа појава е се позачестена во последно време, но тоа пред се го гледаме како резултат на разбивањето на табуата во поглед на бракот како и полека искоренување на традиционалните елементи на бракот како безусловен почитт кон постарите посилните. Потребно е уште многу да се работи на ова поле, посебно во промена на воспитниот модел на родителите, но оваа е сепак предлог за враќање на можноста да се работи на поле на планирање на семејството или пак предбрачното советување кое и те како е потребно со цел упатување на правата и обврските кои произлегуваат од бракот согласно закон, а не согласно традиција.

Да се излезе од состојба т.е улога на жртва покрај нашите делувања повеќе од потребно е да се отвораат сервиси кои би дале и поддршка и можност за зајакнување на жртвата на сите нивоа од нејзиното секојдневно вклучување а пред се можноста за вработување и стамбено обезбедување.

## Сторител на семејно насилство

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | 1 | 2 |
| | Новопримени | 12 | 15 |
| | Завршени(пасивни | 7 | 10 |
| | Упатени во Советувалиште | 1 | / |

Лицата сторители на семејно насилство се од најразлична возраст. Во најголем дел се уште е застапено брачното насилство т.е сопругот врз сопругата. Причината за насилство најчесто е злоупотреба на алкохол посебно во моментот на насилство. Дел од случаевите се рецидиви иако во сите се постапувало со изрекување на мерки на заштита од семејно насилство.

Во случаите на предложени мерки изречени се следните мерки:

- Забрана за заканување дека ќе стори семејно насилство
- Забрана за сторување насилство физичко или психичко

Во 2026 година се планира оваа бројка да не надмине повеќе од 10.

## Дете без родители и родителска грижа

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | 11 | 15 |
| | Новопримени | 4 | 5 |
| | Завршени | 5 | 5 |
| | Предмети во работа | 10 | 10 |
| Возраст на дете | До 18 години | 10 | 10 |
| | Од 18 до 26 | 1 | 5 |

Децата се од македонска и ромска националност на различна возраст и според возраста е избирана и можноста за нивна заштита и грижа. Дел се ученици во основно, а дел во средно образование. Дел од децата се сместени во социјална установа т.е сега во Мали групни домови, згрижувачки семејства, кај блиски сродници. Родителите на децата се основно и средно образование. Сите деца немаат соодветна родителска грижа и затоа се стекнале со овој статус и во случај каде имаме дете без родители. сите овие деца се корисници и на права ид системот на социјална заштита и се ставени под старателство. Најголем дел од старателствата се вршат непосредно преку старатели лица вработени во ЈУЦСР Виница.

## Дете со попреченост

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | 27 | 40 |
| | Новопримени | 1 | 10 |
| | Решени | 1 | 20 |
| | Предмети во работа | 3 | 10 |

Децата со попреченост припагаат во следната категорија на пречки во развојот:

1.Лесна интелектуална попреченост
2.Телесна инвалидност
3.Хронично болни лица
4.Комбинирани пречки
5.Пречки во вид(слабовидно)
6.Умерена интелектуална попреченост

## Дете во ризик

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | 4 | 10 |
| | Новопримени | 75 | 80 |
| | Завршени | 13 | 40 |
| | Предмети во работа | 62 | 70 |
| Возраст на дете | До 14 години | 18 | 10 |
| | Од 14 до 18 | 61 | 48 |

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети (дете жртва на насилство) | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети (дете жртва на трговија) | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | / | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| (дете на улица) | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети (дете кое злоупотребува алкохол) | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети (дете кое злоупотребува дрога) | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

Сите деца се од македонска етничка припадност. Сите деца живеат во потполни семејства. Родителите на децата се со средно и основно образование и сите имаат добар материјален статус. На сите деца им е дадена психо-социјална поддршка, интервенција во образование, помош на поединец и помош на семејство.

### Дете во судир со законот

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Завршени | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |
| Возраст | Полни 14, неполни 16 | / | / |
| | Полни 16, неполни 18 | / | / |
| | Полни 18, неполни 21 | / | / |

Сите деца се машки пол, на возраст од 14 до 19 години. Две од децата се со завршено основно образование а на две основното образование им е во тек. Децата се од ромска и македонска националност. Децата живеат во потполни семејства, односно во семејства на разведени родители а едно од децата во семејство со нарушени семејни односи. Родителите на децата се со основно и средно образование и различен материјален статус. На сите деца им е дадена психо-социјална поддршка, интервенција во образование, помош на поединец и помош на семејство.

### Дете под старателство

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на предмети | Пренесени | 10 | 10 |
| | Новопримени | 1 | 5 |
| | Донесени решенија за престанок на старателство | 3 | 3 |
| | Донесени решенија за ставање под стартелство | 1 | 2 |
| | Предмети во работа | 8 | 10 |

Причина за ставање на детето под старателство е бидејќи родителите од објективни, субјективи причини се спречени да вршат одговорно родителство. Во најголем дел старателството го вршат стручни лица вработени во центарот за социјална работа. Децата се сместени во установа за социјална заштита и мали групни домови, згрижувачки семејства, организациони единици за живеење со поддршка или кај блиски сродници. Децата се на возраст од 3-18 години и се од македонска и ромска националност. Во 2025 година се планира бројот на овие деца да биде околу 2.

## Надзор над вршење на родителско право

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Завршени(пасива) | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

Предупредување за констатирани недостатоци во вршењето на родителскотот право е родители во случај каде децата биле сведоци на семејно насилство и длабок брачен конфликт. По следењето и советодавната работа со родителите се работи на поле на семејно насилство каде веќе има изречени мерки за заштита од семејно насилство. Исто така се врши и предупредување по непочитување на решение за видување и обврските кои произлегуваа од решението.

## Одземање на родителско право

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Завршени(пасива) | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

Оваа година немаме спроведено активност на ова поле во нашиот Центар.

## Посвојување

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети за проценка на посвоител | Пренесени | 2 | 3 |
| | Новопримени | / | 3 |
| | Решени | 2 | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Предмети во работа | / | 3 |

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети за проценка на посвоеник | Пренесени | 2 | 3 |
| | Новопримени | / | 3 |
| | Решени | 2 | 3 |
| | Предмети во работа | / | 3 |
| | | Реализирано | План |
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети за заклучено посвојување | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

**Полнолетно лице со попреченост**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | 24 | 30 |
| | Новопримени | 1 | 10 |
| | Решени | / | 10 |
| | Предмети во работа | 24 | 30 |

**Старателство на лице со целосно одземена деловна способност**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | 25 | 30 |
| | Новопримени | 2 | 2 |
| | Решени | 9 | 10 |
| | Предмети во работа | 18 | 20 |

Оваа категорија на корисници се повеќе ќе биде застапена поради тоа што семејниот систем на поддршка пропаѓа и голем дел од лицата кои се со одредени пречки во развојот или психички болести стануваат непожелни во семејниот систем и истите ги оставаат на маргините без заштитени права и интереси. Најголем дел од старателите на овие лица се блиски сродници, а има и лица за кои старателската должност ја вршат лица од вработените на центарот. Имаме лица кои се сместени во установи каде им е обебедено сместување, а дел живеат во домаќинство со старателите. Возрасната структура се движи од 25-75 години старост.

**Старателство на лице со делумно одземена деловна способност**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на предмети | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

### Старателство на лице за посебен случај

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | 1 | 3 |
| | Решени | / | 3 |
| | Предмети во работа | / | / |

### Лице кое употребува, односно злоупотребува дроги и други психотропни супстанци

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | / |
| | Предмети во работа | 0 | 0 |

### Лице кое злоупотребува алкохол или се лекува од алкохол

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

Во нашиот Центар немаме регистрирано вакви корисници во 2025 година.

### Возрасно лице со изречена алтернативна мерка

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | 2 | 2 |
| | Решени | 1 | / |
| | Предмети во работа | 1 | / |

### Возрасно лице по отпуштање од казнена установа

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | / | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

**Лице-жртва на трговија со луѓе**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

Во нашиот Центар немаме регистрирано вакви корисници во 2025 година.

**Бездомно лице**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

**Старо лице**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | 3 | 5 |
| | Новопримени | / | 5 |
| | Решени | / | 5 |
| | Предмети во работа | 3 | 5 |

Лица се на возраст над 65 години, и е евидентирани по основ на користење услови и права преку ЦСР Виница. Лицата се сместени во ЈОУ Дом за стари лица,, Зафиј Сајто,, Куманово.

**Лице азилант**

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | / | / |
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | / |
| | Предмети во работа | / | / |

Во нашиот Центар немаме регистрирано вакви корисници во 2025 година истотака не очекуваме да има ни во наредната 2025 година.

### Носител на згрижувачко семејство

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2026 |
| Број на предмети | Пренесени | 1 | 1 |
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | 1 | 1 |
| | Предмети во работа | / | / |

### Носител на роднинско згрижувачко семејство

| | | Реализирано | План |
|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2025 |
| Број на предмети | Пренесени | 1 | 1 |
| | Новопримени | / | / |
| | Решени | / | 1 |
| | Предмети во работа | / | / |

### Други услуги што ги обезбедува ЦСР

| Број на предмети | Реализирано | План |
|---|---|---|
| | 2025 | 2026 |
| Давање на согласност за издавање на патна исправа на малолетно дете | 11 | 20 |
| Давање согласност за патување на малолетно дете во странство | 7 | 10 |
| Постапување по меѓународни конвенции, Хашка конвенција за меѓународно грабнување на деца и за плаќање на алиментација | / | 1 |
| Постапки за административно и судско извршување | / | 1 |
| Уверение за отпус од државјанство | 3 | 15 |
| Давање согласност за промена на лично име и презиме | 15 | 40 |
| Потврда дека не е одземена или ограничена деловната способност за оружје | 70 | 100 |

### 10.Институционална заштита

| Корисници | Реализирано | | | План |
|---|---|---|---|---|
| | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 |
| ЈУ Дом за доенчиња и мали деца Битола | / | / | / | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЈУ Детски Дом 11 Октомври – | / | / | / | / |
| ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение | / | / | / | / |
| ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје | 1 | 1 | / | / |
| ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско,Струмица | / | / | / | / |
| ЈУ Специјален Завод Демир Капија | 2 | 4 | 5 | 5 |
| ЈУ Дом за стари лица | 3 | 3 | 3 | 5 |
| Центар за помош на лица со ментален хендикеп „ ПОРАКА НЕГОТИНО" | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Стамбена единица со поддршка „Ново Лициче" | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Здружение за поддршка и развој Хуманост | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Центар за младински активизам ЦМА - Крик | 1 | 1 | 1 | 1 |

Во овој дел од анализата би спомнале за особениот придинес за деинституционализацијата што се случи во 2020 година. Овој процес иако сега е доста кратко време ние прогнозираме подобри резутати во скора иднина.
Стамбените единици за организирано живеење со поддршка се ново отворени каде ни преминаа корисниците од 11 Октомври и ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение. Според бројот на вработени и корисници се покажа дека се намалија негативните последици по децата.
Во ЈУ Специјален Завод Демир Капија се 4 лица кои за жал не сме во можност т.е нема друг ресурс за нивно згрижување и корисниците се вклучени во процесот на осамостојување со цел одвивање на можност за нивна деинституционализација.
Во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација -Бања Банско,Струмица засега останува без наши корисници за понатамошен третман.
Работат со семејствата на овие корисници секогаш е предизивик затоа што тие со самото сместување губат интерес за нивна ресоцијалзиација во матичната средина. Ги посетуваат се остваруваат видувања и контакти, но не се доволно мотивирани за нивно враќање во домот.
Додека кај малолетните лица сосотојбата е поразлична. Се работи интензивно со семејствата се со цел заедничка помош и поддршка посебно во планирањерто на нивното враќање. Оваа е многу важен дел затоа што оваа година имаме успешна ресоцијализација на две деца во самите семејства. Покрај ова се планира и:

- Работа со корисници-динамика на следење
- Мерки и активности, што треба да се преземат за намалување на ризикот,
- Работа со семејство/старател на лицето
- Потреби за подобрување на условите за работа и ефектите од работата,
- Соработка на ЦСР со установата
- Друго.

## 11. ПРЕВЕНТИВЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ВО ТЕКОТ НА 2026 ГОДИНА

| Планирана активност | Учесници/целна група (описно) | Број/опфат на учесници | Очекувани позитивни влијанија/исходи |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Тим од центарот за социјална работа. Полициската станица - Виница | Деца на улица | Еднаш месечно | Да се спречи појавата на деца на улица |
| Трибина за форма згрижувачки семејства | Месни заедици | Еднаш во текот на година | Да се зголеми бројот на потенцијални згрижувачи на територијата на општина Виница |
| Социјалната и детска заштита во руралните средини | Средба со жители од сите населени места во општина Виница и вршење на непосредни увиди во домовите на сите корисници на правото на социјална парична помош | Неделно посета на едно село и реализирани реализирани средби со жителите од населените места во општина Виница | Да се информира населените за новите права и услуги од областа на социјалната, детската заштита и семејно-правните односи, како и оперативните мерки за вработување и самовработување на корисниците |

Превентивна социјална заштита во Центарот за социјална работа - Виница во текот на 2026 година ќе ја врши преку примена на неколку форми на помош и заштита :

- заштита на деца и младинци со воспитно-социјални проблеми (кривично неодговорни и кривично одговорни, односно деца и младинци кои потекнуваат од дисфункционални и социајлно загрозени семејства) ;
- старателство на малолетни лица без родители или родителска грижа ;
- старателство на возрасни лица со одземена или ограничена деловна способност ;
- посвојување ;
- институционално згрижување и сместување ;
- вонинституционално згрижување и сместување ;
- заштита на лица со ментална или телесна попреченост .
- социјално исклучени лица .

ЈУ Центар за социјална работа - Виница во текот на 2026 година ќе се ангажира и ќе посвети посебно внимание на правдата за децата и воспитната запуштеност на малолетните деца, која како појава преставува крупен општествен проблем кој зазема се поголем замав. Центарот пред се ќе се ангажира за навремено откривање и превентивно делување кај овие малолетни лица, со цел за нивна успешна ресоцијализација и интеграција во општествената средина. Стручниот тим при Центарот за социјална работа - Виница со свои мислења и предлози ќе учествува во изрекувањето на воспитни мерки на малолетниците како и со предлози до надлежниот суд за нивно укинување. Исто така ќе учествува и во спроведување на алтернативните мерки и мерките на засилен надзор, изречени од судот спрема малолетни лица. За поголема успешност во работата со оваа категорија Центарот ќе соработува со сите институции кои посредно или непосредно ќе бидат вклучени во оваа проблематика т.е. училиштата, Судијата за малолетници при Основниот суд-Кочани, Основното јавно обвинителство-Кочани, Министерството за внатрешни работи-Сектор за внатрешни работи Штип-Полициска станица Виница, а најповеќе ќе соработува со родителите и старателите на овие лица, се со цел да се делува превентивно и да се отстранат причините кои допринеле малолетниците да се најдат во состојба на малолетничко престапништво .

Со цел да се постигне примарна превентива ЈУ Центар за социјална работа - Виница во соработка со општинската организација на Црвениот крст и со училиштата од општина Виница планира организирање на информативно-едукативни трибини на одредени теми со што би се откриле и групи со ризик уште пред да се појави проблемот и благовремено делување со примена на адекватни методи и техники на стручна работа .

Центарот за социјална работа - Виница како надлежен орган за старателство, посебно ќе се залага за давање посебна заштита на малолетните лица без родители или родителска грижа, на полнолетни лица на кои им е одземена деловната способност како и заштита на своите права и интереси. Со поставување старател, со редовниот и повремен извештај за работа на старателот, Центарот има целосен увид во остварувањето на целите на старателството. Во текот на 2026 година, со поголем интензитет ќе се продолжи да се врши контрола на теренот, преку извршување на непосредни увиди .

Во рамките на институционалната заштита, посебно внимание ќе се посвети на постинституционалната заштита на штитениците по наполнување на 18 години во однос на нивната целосна интеграција во општествениот систем, за што е неопходна соработка со ресорните министерства, како и со други органи, институции и установи .

ЈУ Центар за социјална работа - Виница ќе се залага и за навремено откривање, евидентирање и упатување до надлежната Комисија за категоризација на лица попречени во психофизичкиот развој, како и упатување на лица во соодветна установа во зависност од степенот на попреченост или пак за остварување на друго право согласно Законот за Социјалната заштита и Законот за детска заштита. Центарот воедно ќе соработува и со родителите на овие лица и ќе им дава соодветна помош во процесот на едукација на лицата.

Исто така Центарот посебно ќе посвети внимание на стручната и советодавна работа со семејства со нарушени семејни односи кои имаат тенденција на пораст на територијата на општина Виница. Во постапката на мирење на брачните другари Центарот ќе дава мислење за доделување на малолетни деца на чување и воспитување на едниот родител до Основен суд Виница. Мислењето се дава врз основа на претходната стручна и советувалишна работа со брачните другари и утврдување на материјалните, социјалните, станбените и морални квалитети на родителите. Истовремено Центарот ќе донесува соодветни решенија со кои ќе го регулира начинот и термините на одржување на личните односи на родителот со малолетното дете со кое тој не живее, како и ќе го следи извршувањето на истото. Во текот на 2026 година Центарот за социјална работа ќе посвети внимание и на времените доверувања на малолетните деца и тоа пред да има донесено правосилна и извршна пресуда од судот, на измената на судската пресуда за доверување на малолетни деца како и на семејното насилство (психо-физичко малтретирање на личноста во рамките на семејството и одземањето на нејзините индивидуални права и заштита на лицата жртви на семејно насилство).

Во текот на 2026 година посебна грижа ќе им се посвети на самохраните мајки, како и соодветно сместување на мали деца и доенчиња кои немаат услови за згрижување кај нивните родители, односно се останати без родители или родителска грижа .

Исто така во текот на 2026 година Центарот за социјална работа - Виница особено внимание ќе посвети на грижата на децата на улица и нивните родители и бездомниците за обезбедување на основни услови за нивно нормално живеење, идентификување на деца на улица или деца кои питачат, перманетна работа со нивините родители или старатели, изрекување на соодветни опомени, донесување на решенија за засилен надзор над вршењето на родителското право и по потреба покренување на постапки за одземање на родителското право .

И во текот на 2026 година, ЈУ Центар за социјална работа - Виница активно ќе соработува со Министерството за труд и социјална политика, ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје, Центрите за социјална работа во Република Северна Македонија, установи и институции за социјална заштита, со сите основни училишта на територијата на општина Виница како и со СОУ „Ванчо Прќе„ - Виница, Локалната Самоуправа, Министерството за внатрешни работи Сектор за внатрешни работи - Штип Полициска

станица Виница, Основен суд Виница, Судијата за малолетници при Основниот суд - Кочани, Основното јавно обвинителство во Кочани, Агенција за вработување - Центар за вработување Виница, Трудовиот инспекторат, Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Виница, Фондот за здравствено осигурување - Подрачна служба Виница, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување - Подрачна служба Виница, ЈЗУ Здравствен дом - Виница и други структури на ниво на Републиката и општина Виница, се со цел и во интерес на превентивното делување, како и навремено откривање на сите основни ризици на кои е изложен поединецот, семејството и група граѓани во текот на животот. Соработката ќе се реализира главно преку посета на училишта, други институции, домашни посети и извршување на непосреден увид, доставување на мислења и предлози до Основниот суд, изготвување на информации и други материјали и нивно презентирање преку локалните и регионалните телевизија и радиа и организирање на информативно едукативни трибини. Преку оваа соработка и вакво делување на Центарот ќе допринесе за откривање, следење и евиденција на лицата и семејствата кои се нашле во положба од социјален ризик, а аналогно на тоа и до намалување на корисниците на социјална заштита .

Во 2026 година Центарот ќе посвети внимание и во однос на борбата против трговија со луѓе, особено вклучувајќи се во превентивната заштита на жртвите од трговија со луѓе и нивна ресоцијализација и интеграција во општествената заедница .

Центарот за социјална работа во 2026 година, значајно внимание ќе посвети и на „Дневниот центар за лица со ментална или телесна попреченост„ кој од 08.10 2007 година функционира како посебен Оддел во рамките на Службата за услуги од социјална заштита при ЈУ Центар за социјална работа - Виница, преку развивање на разни облици на стручно - методолошка работа со лица со посебни потреби, подобрување на условите за работа на вработените во „Дневниот центар„ како и зголемување на бројот на корисници во „Дневниот центар„ преку подигање на свеста кај родителите на децата со умерена и тешка попореченост во менталниот или телесниот развој за користа и придобивките од процесот на деинституализација .

Покрај основните права од социјална заштита во текот на 2026 година ќе се обезбедуваат и другите права од социјална заштита односно обезбедување и здравствена заштита на лица корисници на ГМП, социјална пензија за стари лица, корисници на посебен додаток и корисници на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице и помош кои по друг основ не можат да си обезбедат здравствена заштита .

## 12. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2026 година, стручните работници во ЈУ Центар за социјална работа - Виница ќе продолжат да ги спроведуваат и реализираат активностите и мерките со цел подобрување на квалитетот на услугите, поголема пристапност и отвореност спрема граѓаните заради нивно подобро запознавање со правата и услугите од социјална заштита, а истовремено се остварени и реализирани одредени активности со други надлежни институции, установи, органи и организации .

Центарот за социјална работа – Виница, во текот на 2026 година планира да ја продолжи и интензивира и соработката, особено во областа на материјалните права од социјална и детска заштита со Локалната Самоуправа на општина Виница, и другите надлежни институции, органи и организации .

Во делот на превентивната заштита, ЈУ Центар за социјална работа – Виница, ќе ја продолжи и интензивира соработката со Полициската станица – Виница, Основниот суд – Виница,

Основниот суд – Кочани (судијата за малолетници), Основното јавно обвинителство – Кочани и ЈЗУ Здравствен дом – Виница .

## 13.Функционирање на ЦСР

### 13.1.Човечки ресурси

| Вработени | | Вработени заклучно со 31.12.2025 | Планирани промени[1] во број на вработени | Потребни нови вработувања согласно систематизација |
|---|---|---|---|---|
| Категорија А - Високо стручен кадар | Раководител А1 | 1 | | 1 |
| | Координатор на оддел А2 | | | |
| | Супервизија А3 | | | |
| | Самостоен стручен службеник А4 | 4 | | 1 |
| | Водител на случај А4 | 6 | | 2 |
| | Стручен службеник А5 | 1 | | |
| | Тријажа А5 | | | |
| Категорија Б Помошно стручен кадар | Помошно-стручен од прво ниво Б1 | | | |
| | Помошно-стручен од второ ниво Б2 | 3 | | 1 |
| | Помошно-стручен од трето ниво Б3 | | | |
| Административни работници | Административни службеници ниво В1 | 1 | 1 | |
| | Административни службеници ниво В2 | 2 | | |
| | Административни службеници ниво Г1 | | | 1 |
| | Административни службеници ниво Г4 | | | |
| Помошно-технички кадар | | 2 | | 1 |
| ВКУПНО: | | 20 | 1 | 7 |

Согласно Статутот на ЈУ Центар за социјална работа - Виница и Правилникот за внатрешна организација, во моментот центарот за социјална работа функционираат три служби, и тоа: Служба за административни и помошно-технички работи во чии рамки функционираат Одделот за административни работи и Одделот за помошно-технички работи,

[1] Се однесува на промени во бројот на вработени во ЦСР по основ на пензионирање, поднесени барања за отстапување или преземање на вработени од други установи и друго.

Служба за права на парична помош и Службата за услуги од социјална заштита во чии рамки функционираат Одделот советувалиште, Одделот Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост и Одделот Дневен центар за стари и возрасни лица (Дневниот центар за стари лица во село Истибања и т.н. Народна кујна во Градот Виница) .

Во текот на 2026 година, ЈУ Центар за социјална работа – Виница планира да продолжи со веќе воспоставената практика за подигање на капацитетите и квалитетите на стручно усовршување и подготовка на вработените во установата, овозможување на редовни посети и учества на семинари, обуки и работни состаноци, како и неограничен пристап до секоја стручна литература, со помош на која би се подигнал квалитетот и капацитетот на стручната, интердисциплинарна и тимска работа, заради подршка и помош на граѓаните-корисници на правата и услугите од социјална заштита. Истовремено, во текот на 2026 година ќе се продолжи со активното следење и примена на законските и подзаконските правни акти, што за таа цел ќе се продолжи праксата за набавка на стручното списание „Службен весник на Република Северна Македонија“ а од областа на материјално-финансиското работење ќе се продолжи со воспоставената соработка со консултантската куќа „Македонија Биро“ од Скопје, присуство на нивните советувања и семинари и набавка на нивниот месечен билтен за материјално-финансиското работење на буџетските корисници и корисниците единки .

## 13.2. ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Центарот за социјална работа - Виница е сместен во приземјето на станбена зграда, на улица „Страшо Пинџур„ број 5 во Виница, со вкупна корисна површина од 141 м/2 и 64 м/2 подрумски простории. Затоплувањето на просториите се обезбедува со систем за парно греење приклучен на електрична енергија, а за летниот период се инсталирани клима уреди за разладување на просториите на центарот .

Постоечките простории ги задоволуваат неопходните услови за целосно, навремено и непречено прифаќање на корисниците на правата и услугите од социјална и детска заштита и нормално извршување на работните задачи и активности во надлежност и ингеренции на јавната установа .

ЈУ Центар за социјална работа - Виница располага со две службени возила, едно марка Дачија Сандеро произведена 2017 година и едно возило марка Застава „Скала-55„ кое е произведено и првпат регистрирано во 1994 година, истото е максимално амортизирано, и воопшто не ги задоволува потребите на Центарот.

Во рамките на ЈУ Центар за социјална работа - Виница, како посебна организациона единица функционира и „Дневниот центар за лица со ментална или телесна попреченост„ . „Дневниот центар„ е сместен во посебен дел на објектот број 2 на ОЈУДГ „Гоце Делчев„- Виница. Просториите во кои е сместен и фукционира „Дневниот центар„ се со површина од околку 200 метри квадратни, и истите се опремени со сите неопходни средства и помагала кои се потребни за нормално и непречено извршување на работните задачи и активности. Просториите на „Дневниот центар„ се опремени со 3 клима уреди а се затоплуваат преку систем за парно греење кој е инсталиран во дворот на ОЈУДГ „Гоце Делчев„ - Виница и преку кој се затоплува целиот објект, истовремено во екстремно студените денови во просториите на „Дневниот центар„ се поставени и две термоакумулациони печки кои дополнително го затоплуваат ходникот и едната занимална.

Во село Истибања, општина Виница функционира Дневниот центар за стари лица во простории со површина од околу 100 метри квадратни кои се целосно опремени, а затоплувањето на просториите се врши комбинирано со печка на дрва, а во канцеларијата затоплувањето е решено со инсталирање на една панелка на електрична струја .

Во однос на постоечката информатичка опрема, може слободно да се констатира дека поголемиот дел од информатичката опрема во центарот за социјална работа - Виница и во Одделот „Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост - Виница е во задоволителна состојба, но неопходно е нејзино надополнување и обновување .

## 13.3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВИНИЦА

Материјално-финансиското работење на ЈУ Центар за социјална работа - Виница ќе се одвива според инструкциите, насоките и упатствата добиени од Министерството за труд и социјална политика, во рамките на конкретните можности и според утврдениот финансиски план во Решението за распределба на финансиските средства за тековната фискална 2026 година. Програмските активности на службата за финансии и сметководство ќе се реализира по три основи :

- плати и надоместоци
- материјални трошоци
- трансфери на физички лица (исплата на материјалните права од социјална и детска заштита и правото на цивилна инвалиднина од војната)

Пресметката и исплатата на плати и надоместоци во Центарот ќе се врши врз основа на : Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници, Законот за исплата на плати во Република Северна Македонија, Колективниот договор за социјална заштита на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот .

Средствата за материјалните трошоци ќе се обезбедуваат во месечни износи и по квартални периоди што делумно ги задоволуваат потребите за нормално и непречено извршување на тековните работни задачи и активности во надлежност на ЈУ Центар за социјална работа - Виница .

Паричните средства за исплата на материјалните права од социјална и детска заштита и правото на цивилна инвалиднина од војната Центарот за социјална работа - Виница, како и вообичаено ќе ги обезбедува на месечна основа од Буџетот на Република Северна Македонија, преку Министерството за труд и социјална политика и во зависност од бројот на корисниците на правата од социјална и детска заштита и правото на цивилна инвалиднина од војната. Месечната исплата на правата од социјална и детска заштита и правото на цивилна инвалиднина од војната ќе се врши преку софтверот за администрирање и обработка на податоци за корисници на правата од социјална и детска заштита, односно на трансакциските сметки на корисници .

### 13.4.Ризици кои може да влијаат на успешноста на спроведување на планот

Ние како Центар за социјална работа кој ги покрива општина Виница како и секоја година така и оваа 2026 година ќе се трудиме сите активности и планови да ни бидат спроведени и реализирани на време. Центарот за социјална работа Виница и во текот на 2026 година ќе дава организирана општествена грижа и заштита на населението кое се наоѓа во положба на социјална потреба и тоа како по пат на институционална така и по пат на вонинституционална грижа. Секако дека секогаш постојат одредени ризици кои може да имаат влијание врз спроведувањето на активностите на планот, меѓутоа секогаш ќе се трудиме тоа да го надминеме и да бидеме поблиску до граѓаните. Со човечки ресурси не сме доволно покриени и неопходно е што побрзо доекипирање на Центарот, за се друго во текот на работењето ќе се бара решение доколку се појави некој проблем.

ФЕВРУАРИ, 2026 година
Виница

ЈУ Центар за социјална работа Виница
В.Д Директор Сашка Дончева